## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 15.09.2019

На 14.09.2019 во 21.05 часот полициски службеници од СВР Тетово, на ул. „29 Ноември“ во Тетово ги лишиле од слобода С.С.(31) и Е.Б.(28), двајцата од с.Боговиње, тетовско, поради тоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.09.2019 во 21.50 часот полициски службеници од Полициската станица Гостивар го привеле Е.Џ.(19) од с.Нистрово, со живеалиште во с.Здуње, гостиварско, поради тоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Б.А.(39) од с.Чегране, гостиварско и А.Ч.(28) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено прозводство и пуштање на промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 21.04.2018 на ул.„Седе Костоски" во Гостивар, полициски службеници при преглед на патничко возило, управувано од второпријавениот, пронашле и одзеле кокаин, кој претходно го набавил од првопријавениот. Исто така, при претрес во домот на првопријавениот во с.Чегране, полициски службеници пронашле и одзеле кокаин, таблети и рамка од пиштол ,,Застава М57", калибар 7,62х25 мм.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Д.(30) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторени четири кривични дела „тешка кражба на дрзок начин" и три кривични дела ,,тешка кражба". На 03.09.2019 и 04.09.2019 на подрачјето на Охрид пријавениот, со употреба на физичка сила, од четири лица одзел чанти и кеси во кои имало пари, златен накит, мобилни телефони и други предмети. Во истиот период, на подрачјето на Охрид, во три куќи, пријавениот насилно влегол и одзел пари, златен накит и часовници. Со ова пријавениот се стекнал со противправна имотна корист од 331.000 денари.

На 14.09.2019 околу 11.40 часот на бул.„Македонија" во Делчево, П.С.(18) од Делчево, управувајќи мопед „томос", изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата, П.С. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување лекарка помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Делчево.

На 14.09.2019 во 11.15 часот во Полициската станица Аеродром, Д.М.(22) од Скопје пријавил дека околу 02.00 часот на бул.„Видое Смилевски-Бато" во Скопје бил каснат од куче скитник за левата нога.

На 14.09.2019 во периодот од 06.00 до 24.00 часот Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје спроведе акциска контрола за откривање на возачи кои ја пречекориле брзината на движење со моторно возило на подрачјето на Скопје. Притоа, евидентирани се вкупно 37 прекршоци од страна на возачи на моторни возила, за што им се издадени соодветни казни. Откриени се и 44 останати прекршоци, за кои се издадени 27 прекршочни платни налози и 17 мандатни платни налози.

На 14.09.2019 во 15.40 часот на ул.„Генерал Васко Карангелески" во Прилеп се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген поло" со прилепски регистарски ознаки, управувано од И.К.(67) од Прилеп и велосипед управуван од П.Д.(76) од Прилеп. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил П.Д. и бил пренесен во Градската болница Прилеп за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Прилеп.

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје во периодот од 19.30 на 14.09.2019 до 01.00 часот на 15.09.2019 спроведе зајакната акциска контрола за откривање на прекршоци што ги прават возачи на мотоцикли на територијата на Скопје. Притоа, санкционирани се 21 возач на мотоцикли кои сториле прекршоци. Откриени се и 43 останати прекршоци за кои се издадени 24 прекршочни платни налози и 19 мандатни платни налози.

На 14.09.2019 во 22.30 часот на Железнички премин на ул.„Благоја Стефковски" во населба Хиподром, Скопје, З.П.(45) од Скопје, управувајќи мотоцикл „кавасаки" со скопски регистарски ознаки, удрил во полициски службеник кој извршувал службении дејствија. Во незгодата полицискиот службеник се здобил со повреди и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје за укажување лекарска помош. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.09.2019 во Полициското одделение Сарај бил приведен и задржан Ш.С.(52) од с.Бојане, скопско, поради тоа што околу 11.45 часот со огнено оружје пукал кон Р.Н.(36) од с.Бојане, но не го повредил. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.09.2019 во 00.30 часот во Полициската станица Прилеп бил приведен А.Р.(39) од Прилеп, поради тоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејствија. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 14.09.2019 во 11.55 часот во СВР Битола, А.Н. пријавил дека при изведување на градежни работи во с.Дихово пронашол артилериска граната од 105 мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од вработени во Дирекцијата за заштита и спасување. Извршен бил увид.

На 15.09.2019 во 04.44 часот во СВР Скопје, И.Ф.(22) од Скопје пријавил дека околу 04.30 на во близина на Градскиот стадион во Скопје бил физички нападнат од две лица кои биле со патничко возило „алфа ромео", со скопски регистарски ознаки. И.Ф. бил пренесен во Комплекс клиники „,Мајка Тереза'' каде му била укажана лекарска помош. Според пријавеното, причина за физичкиот напад било недоразбирање во сообраќајот. Се работи на расчистување на случајот.

На 13.09.2019 околу 12.00 часот во СВР Струмица било пријавено дека помеѓу струмичките села Самоилово и Стиник настанал шумски пожар, при што горела дабова шума. На 14.09.2019 околу 10.00 часот пожарот бил целосно изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Струмица.

На 15.09.2019 околу 09.00 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека во парк на бул. „АВНОЈ" имало едно мртво и едно повредено куче. Во тек е вештачење за начинот на смртта на кучето од ветеринарна институција. Се преземаат соодветни мерки за расчистување на случајот.

На 14.09.2019 околу 01.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека во близина на с.Цер, кичевско, настанал пожар на локалниот пат с.Цер - с.Стаорец, каде била опожарена сува трева и борова шума. Се преземаат мерки за гаснење на пожарот.

На 15.09.2019 во 00.20 часот во Полициската станица Кичево, Е.З.(22) од Кичево пријавил дека на 14.09.2019 околу 23.40 часот пред угостителски објект на бул.„Ослободување" во Кичево бил физички нападнат од Ј.Џ. и уште неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.09.2019 во 14.10 часот во Полициското одделение Групчин било пријавено дека во кругот на основното училипте во с.Групчин, тетовско, настанал пожар, при што горела сува трева. Во 14.45 часот пожарот бил целосно изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Тетово.

На 14.09.2019 околу 03.30 часот во Полициското одделение Петровец, М.М. (22) од населба Илинден - Скопје, пријавил дека во угостителски објект во с.Марино, скопско, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.09.2019 околу 12.15 часот во СВР Охрид било пријавено дека над с.Колибари, кичевско, настанал шумски пожар, при што гори нискостеблеста дабова шума. Се преземаат мерки за гаснење на пожарот.

На 14.09.2019 околу 14.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека на местото викано „Купеник", покрај регионалниот пат Тетово - Попова Шапка, настанал пожар, при што горела сува трева и нискостеблеста шума. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Тетово.

.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)